# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.1/2015

## 03.02.2015 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на Урбанистички план вон населено место за лесна индустрија КП бр.3891/1, 3891/3 дел од КП бр.4208 и 3892 КО Неготино, Општина Неготино**

Се објавува Одлуката за утврдување на Урбанистички план вон населено место за лесна индустрија КП бр.3891/1, 3891/3 дел од КП бр.4208 и 3892 КО Неготино, Општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08_46/1
03.02.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 22 и 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање(„Сл.весник на РМ“ број 51/05, 137/07, 91/09,124/10,18/11,53/11,144/12,55/13, 163/13 и 42/14), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 30.01.2015 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За утврдување на Урбанистички план вон населено место за лесна индустрија КП бр.3891/1, 3891/3 дел од КП бр.4208 и 3892 КО Неготино, Општина Неготино**

Член 1

Се донесува одлука за утврдување на Урбанистички план вон населено место за лесна индустрија КП бр.3891/1, 3891/3 дел од КП бр.4208 и 3892 КО Неготино, Општина Неготино.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Урбанистички план вон населено место за лесна индустрија КП бр.3891/1, 3891/3 дел од КП бр.4208 и 3892 КО Неготино, Општина Неготино со тех.број 2887 од 2014 година, изработен од ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Кавадарци кој се наоѓа во просториите на Општина Неготино.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во ,,Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.07_37/9
30.01.2015 година

Совет на општина Неготино
Претседател
Јордан Паунов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08_46/2
03.02.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 2 став 1 алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ број 56/11, 162/12, 95/13 и 109/14), на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ број 3/06, 2/2011 и 06/11) Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 30.01.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

Член 1

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намена на бесправно изградени објекти кои треба да се вклопат со поединечни зони според намената на земјиштето и општиот режим на градење и употреба.

Член 2

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **3421/1** КО Тимјаник – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти (број 2 и 4) со намена А1- Домување.

Член 3

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **3465** КО Тремник – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти (број 1 и 2) со намена А1- Домување.

Член 4

Се утврдува потреба од усогласување на профил на крак од улица „4 Јули " во Неготино предвидена согласно ДУП за Неготино, со што се овозможува вклопување во планската документација на бесправно изградени објекти (со број 3 и 4 ) на КП бр.**8948**, КО Неготино, кој се наоѓаат на дел од планирана пешачка патека.

Член 5

Се утврдува потреба од усогласување на профил на ул. „Даме Груев" во Неготино предвидена согласно ДУП за Неготино, со што се овозможува вклопување во планската документација на бесправно изграден објект (со број 1) на КП бр. **10619** и **10618/2**, КО Неготино, кој се наоѓа на дел од планирана сообраќајница.

Член 6

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **565/9** и **565/7** КО Криволак –Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект (број 1) со намена А1- домување.

Член 7

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **10867** КО Неготино –Општина Неготино, со која ќе се изврши усогласување на намените на земјиштето, заради вклопување на бесправно изграден објект (број 2) со намена А1- домување.

Член 8

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **194/1** КО Калањево – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект со намена А1- Домување.

Член 9

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Неготино".

Бр.07_37/10
30.01.2015 година

Совет на општина Неготино
П р е т с е д а т е л,
Јордан Паунов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште**

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08_46/3
03.02.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 9 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 6/11, 16/12 и 16/14), по поднесено барање бр.03-59 од 26.01.2015 година од Трговското друштво ИГМ ТРЕЈД Илија и др.ДОО од Кавадарци, Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.01.2015 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште**

Член 1

Со оваа одлука Трговското друштво ИГМ ТРЕЈД Илија и др.ДОО од Кавадарци се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на стопански објекти со намена Г2-„лесна индустрија“ и Г3- „сервиси“ на следните катастарски парцели:
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/16 со површина од 3.865 м2,
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/17 со површина од 3.865 м2,
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/7 со површина од 35.840 м2,
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/6 со површина од 30.290 м2,
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/8 со површина од 27.980 м2,
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/3 со површина од 12.645 м2,
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/15 со површина од 7.730 м2,
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/9 со површина од 18.315 м2,
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/5 со површина од 13.810 м2,
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/16 со површина од 3.865 м2,
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/10 со површина од 18.245 м2,
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/18 со површина од 4.300 м2,
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/19 со површина од 4.300 м2,
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/20 со површина од 8.600 м2,
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/12 со површина од 17.525 м2,
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/14 со површина од 12.985 м2,
Кп.бр.1000 според елаборатот Кп.бр.1000/4 со површина од 13.635 м2,

Член 2

Во договорите со кои општина Неготино ќе го регулира надоместокот за уредување на градежно земјиште да се утврди обврска на горенаведеното трговско друштво на свој трошок да ги изведе сите инфраструктурни објекти ( пристапен пат до своите градежни парцели, водовод вода за пиење и технолошка вода, електрика, атмосферска и фекална канализација и друго).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_37/18
30.01.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на предложениот проект *"Патен правец Горни Дисан –Вешје"***

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на предложениот проект *"Патен правец Горни Дисан –Вешје"*, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08_46/4
03.02.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 30.01.2015 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

**За утврдување на приоритет на предложениот проект**
***"Патен правец Горни Дисан –Вешје,,***

Член 1

Со оваа одлука се утврдува приоритет на проектот ***"Патен правец Горни Дисан –Вешје,, во должина од 493 m. за дел кај м.в. „Шоша“,*** а во врска со Јавниот повик бр.01/2015 од 05.01.2015 објавен од страна на Министерството за финансии на Република Македонија, за доделување на финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа за подобрување на општинските услуги, согласно доставено барање за користење на средства од ЕУ-ИПА грантот, наменети за подобрување на инфраструктурата во руралните средини.

Член 2

Максимална вредност на финансиската поддршка за руралните единици на локалната самоуправа изнесува 260.000 Евра.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Неготино “.

Бр.07_37/11
30.01.2015 година

Советот на Општина Неготино
Претседател
Јордан Паунов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за согласност за имлементирање на проектот "Поддршка и развој на Економија за пчелно призводство, во прекуграничната област,,од општина Неготино**

Се објавува Одлуката за согласност за имлементирање на проектот "Поддршка и развој на Економија за пчелно призводство, во прекуграничната област,,од општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08_46/5
03.02.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 22, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 79, став 1, точка 11 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/6, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.01.2015 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

**За согласност за имлементирање на проектот "Поддршка и развој на Економија за пчелно призводство, во прекуграничната област,,од општина Неготино**

**Член 1**

Советот на Општина Неготино дава согласност на општина Неготино за имплементирање на проектот " Поддршка и развој на Економија за пчелно призводство, во прекуграничната област, со акронимот ,,Bee-conomy,, кој ќе _се имплементира во рамки на ИПА – Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Македонија, од **3 (третиот)** повик за проектни предлози одобрена од Реф.бр. МА 5705/21.08.2013

**Член 2**

Носител на проектот ќе биде општина Неготино.

Општина Алмопиа ќе биде финансиски водечки партнер од Република Грција

**Член 3**

Проектот беше аплициран во Приоритетна оска 1.Подобрување на прекуграничниот економски развој, Мерка 1.1.Економски развој.

**Член 4**

Се обврзува Одделението за локален економски развој да учествува во имплементација на проектот во согласност со насоките во Програмскиот прирачник. Правата и обврските ќе бидат дефинирани во Договорот.

**Член 5**

За потребите за реализација на проектот ќе биде утврдено финансиското учество согласно потребите за ко-финансирање на партнерите и за истото ќе се алоцираат средства во Буџетот на Општина Неготино за 2015 година. Буџетот на одобрениот проект од страна на Заедничкиот Комитет за управување од 09.04.2014 за носителот Општина Неготино изнесува 273.560 евра. Финалната сума ќе биде утврдена со Договорот помеѓу општина Неготино и Делегацијата на ЕУ во Скопје Република Македонија.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Неготино“.

Бр.07_37/12
30.01.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за започнување на постапка за избор на членови на Советот на млади**

Се објавува Одлуката за започнување на постапка за избор на членови на Советот на млади, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08_46/6
03.02.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 115-Ј став 2 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 6/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.01.2015 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За започнување на постапка за избор на членови на Советот на млади**

Член 1

Советот на општина Неготино покренува постапка за избор на членови на Советот на млади како посебно тело на општина Неготино.

Член 2

Постапката за избор на членови на Советот на млади да се спроведе врз основа на отворен конкурс објавен на ВЕБ страната на општината. На предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општината ќе ги избере членовите на Советот на млади.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_37/16
30.01.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за формирање на комисија за утврдување и проценка на штетите во с.Војшанци настанати од поплавата на ден 23.01.2015 година**

Се објавува Одлуката за формирање на комисија за утврдување и проценка на штетите во с.Војшанци настанати од поплавата на ден 23.01. 2015 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08_46/7
03.02.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 6/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.01.2015 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За формирање на комисија за утврдување и проценка на штетите во с.Војшанци настанати од поплавата на ден 23.01. 2015 година**

Член 1

Со оваа одлука се формира комисија од стручни лица вработени во општинската администрација на општина Неготино за утврдување и проценка на штетите во с.Војшанци настанати од поплавата во месец јануари 2015 година во следниот состав:

- Пере Самандов градежен инжинер
- Ѓоке Темелков градежен инжинер
- Методи Данаилов дипломиран економист

Член 2

Комисијата е должна записнички да ги утврди и процени штетите настанати како резултат на горенаведената непогода.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_37/17
30.01.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„

бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош поради елементарна непогода-пожар**

Се објавува Решението за доделување на еднократна парична помош поради елементарна непогода-пожар, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08_46/8
03.02.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.01.2015 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на еднократна парична помош поради елементарна непогода-пожар**

Член 1

Се доделува еднократна парична помош во износ од 12.000,00 денари на лицето Страхил Стојков од с.Тимјаник за санирање на штетата на неговата куќа во с.Тимјаник, настаната од елементарна непогода _ пожар.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_37/13
30.01.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува Решението за доделување на еднократна парична помош, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08_46/9
03.02.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.01.2015 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на еднократна парична помош**

Член 1

Се доделува еднократка парична помош на следните лица:

- Енис Рустемов од с.Пепелиште во износ од 10.000,00 денари
- Баки Мемков од с.Криволак во износ од 10.000,00 денари.
- Иле Тимов од Неготино во износ од 10.000,00 денари.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_37/14
30.01.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за доделување на финансиски средства**

Се објавува Решението за доделување на финансиски средства, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08_46/10
03.02.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06 , 2/11 , 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.01.2015 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на финансиски средства**

Член 1

За обезбедување на најнеопходните услови за функционирање на Општинската организација на Црвениот крст Неготино и Здружението на слепи лица од Неготино им се доделуваат финансиски средства во износ од 6.000,00 денари.

Исплатата на средствата да се изврши на жиро-сметката на ОО на Црвен крст Неготино со број 2 000 0000 1377004 во Стопанска банка Скопје.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.07_37/19
30.01.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Локалната библиотека „ Страшо Пинџур“ Неготино за 2015 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Локалната библиотека „ Страшо Пинџур“ Неготино за 2015 година, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08_46/11
03.02.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 30 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2.201, 9/2011, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.01.2015 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на општина Неготино ја усвои Годишната програма за работа на Локалната библиотека „ Страшо Пинџур“ Неготино за 2015 година.
2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_37/4
30.01.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршениот Попис во општина Неготино за 2014 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршениот Попис во општина Неготино за 2014 година , што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08_46/12
03.02.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2.201, 9/2011. 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.01.2015 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на општина Неготино го усвои Извештајот за извршениот Попис во општина Неготино за 2014 година.
2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_37/15
30.01.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2015 година**

Се објавува Одлуката за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2015 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08_46/13
03.02.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2015 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2015 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.01.2015 година.

Бр.08_46/14
03.02.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 1/2015

1. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на Урбанистички план вон населено место за лесна индустрија КП бр.3891/1, 3891/3 дел од КП бр.4208 и 3892 КО Неготино, Општина Неготино Стр.1

2. Одлуката за утврдување на Урбанистички план вон населено место за лесна индустрија КП бр.3891/1, 3891/3 дел од КП бр.4208 и 3892 КО Неготино, Општина Неготино Стр.2

3. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација Стр.3

4. Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација Стр.3-4

5. Заклучок за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште Стр.5

6. Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште Стр.5-6

7. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на предложениот проект *"Патен правец Горни Дисан –Вешје“.* Стр.7

8. Одлуката за утврдување на приоритет на предложениот проект *"Патен правец Горни Дисан –Вешје“.* Стр.8

9. Заклучок за објавување на Одлуката за согласност за имлементирање на проектот "Поддршка и развој на Економија за пчелно призводство, во прекуграничната област,,од општина Неготино. Стр.9

10. Одлука за согласност за имлементирање на проектот "Поддршка и развој на Економија за пчелно призводство, во прекуграничната област,,од општина Неготино. Стр.9-10

11. Заклучок за објавување на Одлуката за започнување на постапка за избор на членови на Советот на млади Стр.11

12. Одлука за започнување на постапка за избор на членови на Советот на млади Стр.11-12

13. Заклучок за објавување на Одлуката за формирање на комисија за утврдување и проценка на штетите во с.Војшанци настанати од поплавата на ден 23.01. 2015 година Стр.12

14. Одлука за формирање на комисија за утврдување и проценка на штетите во с.Војшанци настанати од поплавата на ден 23.01. 2015 година Стр.13

15. Заклучок за објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош поради елементарна непогода-пожар Стр.14

16. Решение за доделување на еднократна парична помош поради елементарна непогода-пожар Стр.14

17. Заклучок за објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош Стр.15

18. Решението за доделување на еднократна парична помошСтр.15

19. Заклучок за објавување на Решението за доделување на финансиски средства Стр.16

20. Решение за доделување на финансиски средства Стр.17

21. Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Локалната библиотека „ Страшо Пинџур“ Неготино за 2015 година Стр.18

22. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Локалната библиотека „ Страшо Пинџур“ Неготино за 2015 година Стр.18

23. Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршениот Попис во општина Неготино за 2014 година
Стр.19

24. Заклучок за усвојување на Извештајот за извршениот Попис во општина Неготино за 2014 година Стр.19

25. Заклучок за објавување на Одлуката за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2015 година
Стр.20

26. Одлука за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2015 година Стр.21

27. Заклучок за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2015 година
Стр.22

28. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2015 година Стр.23